// СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
НА ОПШТИНАТА БИТОЛА

Службено гласило на Општината Битола излегува по потреба

www.bitola.gov.mk

Број 10, година LI
Петок, 17.07.2020
Битола

e-mail:bitola@t-home.mk

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр.10/05, 17/08 и 08/19), донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлуката за давање согласност на Договорот за доделување на финансиски средства на акционерските спортски друштва**

1. Ја објавувам Одлуката за давање согласност на Договорот за доделување на финансиски средства на акционерските спортски друштва, донесена на седницата на Советот на Општината Битола, одржана на 17.07.2020 година.
2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-599/1 ГРАДОНАЧАЛНИК
17.07.2020 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Наташа Петровска

Врз основа на член 36 став 1 точка 15, а во врска со член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр.10/05, 17/08 и 08/19), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 17.07.2020 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за давање согласност на Договорот за доделување на финансиски средства на акционерските спортски друштва**

**Член 1**

Со оваа Одлука Советот на Општина Битола му дава согласност на Договорот за доделување на финансиски средства на акционерските спортски друштва.

**Член 2**

Се овластува Градоначалникот на општина Битола да склучи Договор со акционерските друштва.

**Член 3**

Составен дел на оваа Одлука е Договорот за доделување на финансиски средства на акционерските спортски друштва.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавена во „Службен гласник на Општината Битола” .

Бр.09-65/3 ПРЕТСЕДАТЕЛ
17.07.2020 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Валентин Груевски

**Д О Г О В О Р**
**за доделување на финансиски средства**
**на акционерски спортски друштва**

**Склучен на ден ________ година, помеѓу:**

## I. ДОГОВОРНИ СТРАНИ

1. **ОПШТИНА БИТОЛА,** со седиште на ул. 1-ви Мај бр. 61 во Битола, застапувана од Градоначалникот М-р Наташа Петровска (во натамошниот текст: **Давател**), од една страна и

2. ________________________________________________, со седиште на ул. _________________________________ во Битола, со ЕМБС ________________, застапувано од овластеното лице (во натамошниот текст: **Корисник**), од друга страна.

## II. ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОР

**Член 1**

(1) Предмет на овој договор е регулирање на меѓусебните права и обврски помеѓу договорните страни во врска со начинот и условите за исплата и користење на доделените финансиски средства од Буџетот на Општина Битола за финансиска поддршка на Корисникот, врз основа на Програмата за активностите во областа на спортот и младите во Општината Битола, донесена од Советот на Општина Битола.

(2) Корисникот на финансиските средства е регистриран како професионален спортски клуб, а Давателот на финансиските средства е сопственик на ___ од акциите/уделите на Корисникот.

(3) Со склучувањето на овој договор, Давателот и Корисникот ги утврдуваат начинот и условите за исплата и користење на доделените финансиски средства од Буџетот на Општина Битола.

(5) Висината на доделените финансиски средства е утврдена со програмата наведена во ставот 1 од овој член.

(6) Доделените финансиски средства со програмата од ставот 1 на овој член ќе се исплаќаат квартално на секои три месеци.

## III. ОБВРСКИ НА ДАВАТЕЛОТ НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА

**Член 2**

(1) Давателот на финансиските средства се обврзува финансиските средства да ги исплаќа квартално на секои три месеци и тоа на почетокот на секој квартал, до петнаесеттиот ден од првиот месец во кварталот, на жиро сметката на Корисникот.

(2) Давателот на финансиските средства е должен да ги исплати финансиските средства на отворена жиро сметка доставена од страна на Корисникот.

(3) Давателот на финансиските средства не е должен да ги исплати финансиските средства доколку настане промена на жиро сметката на Корисникот, а тој не доставил документ за настанатата промена.

## IV. ОБВРСКИ НА КОРИСНИКОТ НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА

**Член 3**

Корисникот на финансиските средства се обврзува:

(1) Доделените финансиски средства да ги користи наменски и исклучиво за реализација на програмата и планот за работа, кои е должен навремено да ги достави до Советот на Општина Битола, и тоа за:

- трошоци за закупнина на спортски сали, спортски терени и спортски објекти за одржување на спортски тренинзи и натпревари
- трошоци за стручна работа на тренери, спортисти и спортски работници за спроведување на програмата и планот за работа

- трошоци за натпреварувања (котизации, членарини, трошоци за судии, трошоци за делегати, трошоци за службени лица на натпреварите, трошоци за превоз, трошоци за опрема)
- трошоци за комуникација (телефон, интернет), трошоци за графички услуги и останати трошоци поврзани со работата на спортското друштво (книговодствени услуги)
- подготовки
- опрема и реквизити
- функционална дијагностика и медицинска заштита
- осигурување.

(2) За потрошените финансиски средства, Корисникот е должен во рок од 15 дена од истекот на кварталот за кој му биле исплатени финансиски средства согласно овој договор, до Советот на Општина Битола да достави квартален извештај за тој квартал, кој треба да биде во согласност со претходно доставената програма и планот за работа и да ги содржи следните елементи:

- наративен дел (реализирани активности за кои се доделени финансиските средства, остварени спортски резултати и пласман на сите категории, субјекти кои се опфатени со доделените средства и да се има во предвид унапредувањето на родовата еднаквост)
- финансиски дел (детален приказ за потрошените средства поткрепени со документација: копии од платени фактури, исплатни листови, изводи од банка, фискални сметки, резервации во хотел, билети за транспорт и сл.)

## V. ОКОЛНОСТИ КОИ ВЛИЈААТ НА ИСПОЛНУВАЊЕТО НА ДОГОВОРОТ

**Член 4**

(1) Неисполнување на обврските од страна на Корисникот наведени во членот 3 од овој Договор директно ќе влијае врз правото за понатамошно користење на финансиските средства доделени од Давателот и Давателот нема да има обврска за исплаќање на доделените финансиски средства на Корисникот за наредните квартали, се додека Корисникот не ги исполни своите обврски за претходните квартали.

(2) Потрошените финансиски средства за кои Корисникот нема да достави извештај или кои Корисникот ги потрошил за други намени различни од утврдените во членот 3 на овој договор или кои нема да бидат соодветно документирани и оправдани, Корисникот е должен да ги врати во Буџетот на Општина Битола, во рок од 30 дена по приемот на барањето за враќање на средствата.

(3) Ниту една од договорните страни нема да биде одговорна за неисполнување на овој договор доколку причина за неисполнување е виша сила.

(4) Реализацијата на овој договор ќе ја следи Комисијата за еваулација на поднесени барања за финансиска поддршка на спортски клубови при Општина Битола.

## VI. РЕШАВАЊЕ НА СПОРОВИ

**Член 5**

(1) Сите евентулани спорови и недоразбирања кои би произлегле од овој договор, договорните страни ќе ги решаваат во духот на добрите деловни обичаи со меѓусебно договарање.

(2) Доколку меѓусебното договарање не даде обострано прифатливо решение сите евентуални спорови ќе ги решава надлежниот суд.

## VII. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 6**

Овој Договор е составен во 4 (четири) еднакви примероци, од кои за секоја договорна страна по 2 (два) примерока.

| | |
|---|---|
| **Давател:** | **Корисник:** |
| **ОПШТИНА БИТОЛА** | ________________________ |
| **Градоначалник,** | **Овластено лице,** |
| **М-р Наташа Петровска** | ________________________ |

Врз основа на Член 70 од Статутот на Општината Битола („Сл.Гласник на Општина Битола“ бр.10/05), Советот на Општина Битола на седницата одржана на ден 11.06.2020 година го донесе следниот

# З А К Л У Ч О К
## за повикување на надлежните институции за истражување на случајот со реновирање и реконструкција на Домот за стари лица „Сју Рајдер“ - Павилјони 1 и 2 во Општина Битола

1. Советот на Општина Битола ги повикува сите надлежни институции во Република Северна Македонија да го истражат случајот со реновирањето и реконструкцијата на Домот за стари лица „Сју Рајдер“ – Павилјони 1 и 2 во Општина Битола, врз основа на Договорот заверен во Министерството за локална самоуправа под бр. 10-1117/3 од 19.12.2011 година, поради индикации за постоење на основи на сомневање за сторени кривични дела по Кривичниот законик на Република Северна Македонија
2. Овој заклучок влегува во сила со денот на неговото донесување , а ќе се достави до сите надлежни институции и ќе се објави во Службен Гласник на Општина Битола

Бр.09-56/1
11.06.2020 г.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината Битола
Валентин Груевски

# С О Д Р Ж И Н А

О Д Л У К А за давање согласност на Договорот за доделување на финансиски средства на акционерските спортски друштва .... 1

Д О Г О В О Р за доделување на финансиски средства на акционерски спортски друштва........ 2

З А К Л У Ч О К за повикување на надлежните институции за истражување на случајот со реновирање и реконструкција на Домот за стари лица „Сју Рајдер“ – Павилјони 1 и 2 во Општина Битола ...................................... 4

ОВАА СТРАНИЦА Е ПРАЗНА

ОВАА СТРАНИЦА Е ПРАЗНА

**Издавач: Општина Битола**
**тел. 047 234 234; 047 208 300**

Буџет на Општина Битола
Сметка: 703014002963013 Народна банка на Р.М.
Д.Б. 4002996128471
Приходна Шифра 725211